FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

# Индекс на активна транспарентност
# 2024

Скопје, август 2024 год.

**Индекс на активна транспарентност 2024**

**Издава:**
Центар за граѓански комуникации

**Лектура:**
Татјана Б. Ефтимоска

**Печати:**
Датапонс Скопје

**Тираж:**
250 примероци

Бесплатен/некомерцијален тираж

Ова истражување се спроведува во рамките на проектот „Мониторинг на јавните набавки", што го спроведува Центарот за граѓански комуникации, а е финансиски поддржан од Фондацијата Отворено општество – Македонија. Содржината на оваа публикација е одговорност на издавачот и на авторите и не ги одразува ставовите на Фондацијата Отворено општество – Македонија.

# Содржина

**Резиме** .......... 4

**Вкупно рангирање според Индексот на активна транспарентност 2024** .......... 5

**Вовед: Зошто активна транспарентност?** .......... 6

**Детална анализа на активната транспарентност за 2024** .......... 8

**Методологија** .......... 22

**Прилози: Прашалници за мониторинг на институциите** .......... 23

Прашалник за истражување на активната транспарентност на министерствата и на Владата за изработка на Индексот на активна транспарентност .......... 23

Прашалник за истражување на активната транспарентност на општините и на Град Скопје за изработка на Индексот на активна транспарентност .......... 25

# Кратенки

| | |
|---|---|
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МЕ | Министерство за економија |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| МЗ | Министерство за здравство |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| МИОА | Министерство за информатичко општество и администрација |
| МК | Министерство за култура |
| МЛС | Министерство за локална самоуправа |
| МНР | Министерство за надворешни работи |
| МО | Министерство за одбрана |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МП | Министерство за правда |
| МПСОЗ | Министерство за политички систем и односи со заедниците |
| МТВ | Министерство за транспорт и врски |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| МФ | Министерство за финансии |
| РСМ | Република Северна Македонија |

# Резиме

- Просечната **активна транспарентност** на министерствата, на Владата и на општините за 2024 година изнесува **80 %** (од максимално можни 100 %) и во однос на лани е **подобрена за 4 процентни поени** (од 76 % на 80 %).

- Својата активна транспарентност годинава **ја подобриле 71 %** од институциите (лани се подобриле 54 % од институциите).

- Активната транспарентност на министерствата и Владата изнесува **86 %**, а на општините **79 %**. Во однос на лани, кај министерствата нема напредок, а општините се подобриле за 5 процентни поени.

- Од владините институции, максималните **100 %** активна транспарентност годинава ги задржа само **Министерството за одбрана**, кое четврта година по ред ги објавува сите предвидени информации од активната транспарентност. **Владата** падна од ланското прво место и 100 % на **40 место** со **87 %** активна транспарентност.

- За првпат годинава, дури пет општини, **Берово, Битола, Валандово, Кавадарци и Кичево**, оствариja 100 % активна транспарентност.

- Меѓу **регионите**, **Источниот Регион** ја задржа и дури ја подобри лидерската позиција во однос на другите региони (со 88 % активна транспарентност), додека **Скопскиот Регион** за сосем малку ја избегна последната позиција, на којашто се наоѓаше со години. Сега, на последно место е **Североисточниот Регион** (со 72 % активна транспарентност).

- **Најмалку информации** министерствата објавуваат за **своите надлежности** (78 % од можни 100 %), а општините за **финансиите** (67 % од можни 100 %).

- Во однос на **барањата за слободен пристап до информациите од јавен карактер**, што им беа испратени на сите институции во ист ден и со исто прашање, **општините** одговорија во просек **за 15 дена** (лани за 16 дена), а **министерствата** одговорија **за 14 дена** (лани за 19 дена). **71 %** од институциите одговорија во рамките на **максималниот законскиот рок** од 20 дена (лани тоа го сторија 65 % од институциите).

Под ’активна транспарентност‘ се подразбира објавувањето информации на сопствена иницијатива на институциите, без притоа некој да има доставено до нив барање за пристап до тие информации. Постои и законска основа за проактивно објавување информации, која се наоѓа, пред сѐ, во Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, но и во низа други закони, како што се Законот за локалната самоуправа, Законот за буџетите, Законот за јавен долг, Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и др. Освен од регулативата, активната транспарентност произлегува и од добрата практика, а институциите имаат обврски за проактивно објавување информации и од акциските планови во рамките на иницијативата за Партнерство за отворена власт.

# Вкупно рангирање според Индексот на активна транспарентност 2024

| Ранг | Институција | Резултат |
|---|---|---|
| | **МНОГУ ДОБРА** | |
| 1 | Берово | 100,0 % |
| 1 | Битола | 100,0 % |
| 1 | Валандово | 100,0 % |
| 1 | Кавадарци | 100,0 % |
| 1 | Кичево | 100,0 % |
| 1 | Министерство за одбрана | 100,0 % |
| 7 | Велес | 98,6 % |
| 7 | Кисела Вода | 98,6 % |
| 9 | МТСП | 97,8 % |
| 10 | Карпош | 97,2 % |
| 11 | Куманово | 97,1 % |
| 12 | Градско | 97,1 % |
| 13 | Демир Хисар | 95,7 % |
| 13 | Крива Паланка | 95,7 % |
| 13 | МВР | 95,7 % |
| 13 | МЗШВ | 95,7 % |
| 17 | Делчево | 94,3 % |
| 17 | Кочани | 94,3 % |
| 19 | Бутел | 94,2 % |
| 19 | Дебрца | 94,2 % |
| 19 | Илинден | 94,2 % |
| 19 | Центар | 94,2 % |
| 23 | Министерство за здравство | 93,5 % |
| 23 | МЛС | 93,5 % |
| 25 | Центар Жупа | 92,8 % |
| 26 | Штип | 91,7 % |
| 26 | МЖСПП | 91,7 % |
| 26 | МИОА | 91,7 % |
| 29 | Богданци | 91,4 % |
| 30 | Гевгелија | 91,4 % |
| 31 | Брвеница | 91,3 % |
| 31 | Гази Баба | 91,3 % |
| 33 | Министерство за финансии | 90,7 % |
| 34 | Прилеп | 90,3 % |
| 35 | Радовиш | 90,0 % |
| 36 | Зрновци | 89,9 % |
| 37 | Струмица | 88,9 % |
| 38 | Виница | 88,6 % |
| 38 | Македонска Каменица | 88,6 % |
| 40 | Василево | 87,0 % |
| 40 | Влада на РСМ | 87,0 % |
| 42 | Демир Капија | 85,7 % |
| 43 | Карбинци | 85,5 % |
| 43 | Конче | 85,5 % |
| 43 | Новаци | 85,5 % |
| 46 | Охрид | 84,3 % |
| 47 | Ново Село | 84,1 % |
| 48 | Крушево | 82,9 % |
| 48 | Пробиштип | 82,9 % |
| 49 | Свети Николе | 82,9 % |

| Ранг | Институција | Резултат |
|---|---|---|
| 51 | Маврово и Ростуша | 82,6 % |
| 51 | МЕ | 82,6 % |
| 51 | Теарце | 82,6 % |
| 54 | Дебар | 81,9 % |
| 55 | Неготино | 87,1 % |
| 56 | Босилово | 81,2 % |
| 57 | Тетово | 80,6 % |
| | **ДОБРА** | |
| 58 | Чешиново Облешево | 79,7 % |
| 59 | МНР | 78,3 % |
| 60 | Македонски Брод | 77,1 % |
| 61 | Зелениково | 76,8 % |
| 61 | Чашка | 76,8 % |
| 63 | МОН | 76,1 % |
| 64 | Аеродром | 75,4 % |
| 64 | Вевчани | 75,4 % |
| 64 | Липково | 75,4 % |
| 67 | МТВ | 75,0 % |
| 68 | Јегуновце | 74,3 % |
| 69 | Кривогаштани | 73,9 % |
| 69 | Министерство за култура | 73,9 % |
| 69 | Министерство за правда | 73,9 % |
| 72 | Пласница | 72,5 % |
| 73 | Кратово | 71,4 % |
| 74 | Ѓорче Петров | 71,0 % |
| 74 | Могила | 71,0 % |
| 76 | Пехчево | 70,0 % |
| 77 | Чаир | 69,6 % |
| 78 | Гостивар | 68,6 % |
| 79 | Петровец | 68,1 % |
| 80 | Боговиње | 65,2 % |
| 81 | Желино | 64,8 % |
| 82 | Арачиново | 63,8 % |
| 82 | Град Скопје | 63,8 % |
| 84 | Долнени | 62,3 % |
| 84 | Сарај | 62,3 % |
| 86 | Ресен | 61,4 % |
| 87 | МПСОЗ | 60,9 % |
| | **ПРОСЕЧНА** | |
| 88 | Чучер Сандево | 56,5 % |
| 89 | Струга | 55,7 % |
| 90 | Ранковце | 53,6 % |
| 90 | Росоман | 53,6 % |
| 92 | Дојран | 51,4 % |
| 93 | Шуто Оризари | 50,7 % |
| 94 | Студеничани | 45,1 % |
| 95 | Врапчиште | 43,5 % |
| 96 | Старо Нагоричане | 42,0 % |
| | **СЛАБА** | |
| 97 | Сопиште | 33,3 % |
| 98 | Лозово | 29,0 % |

# Вовед: Зошто активна транспарентност?

Под ’активна транспарентност‘ се подразбира објавувањето информации на сопствена иницијатива на институциите, без притоа некој да има доставено до нив барање за пристап до тие информации. Наспроти тоа, во случаите кога до институцијата се доставува барање за одредена информација, станува збор за ’реактивна транспарентност‘.

Потребата од проактивното објавување информации произлегува оттаму што на тој начин се обелоденуваат:

» информации за регулативата и за одлуките на властите, со што се остварува правото на граѓаните да бидат информирани за своите права и обврски во општеството;
» информации коишто им се потребни на граѓаните за да бараат одговорност од властите;
» информации коишто им се неопходни на граѓаните за да можат да учествуваат во процесот на донесувањето одлуки и
» информации коишто им се потребни на граѓаните за да можат да пристапуваат кон услугите што ги нудат јавните институции.

И самата институција којашто објавува информации врз проактивна основа остварува корист по неколку основи:

» активната транспарентност ѝ помага на институцијата да биде поодговорна во трошењето на јавните пари;
» на тој начин институцијата ги промовира принципите на добро владеење и интегритет и
» институцијата е поефикасна бидејќи подобро управува со информациите со коишто располага.

Се чини дека развојот на техниката и технологиите одат рака под рака и ја помагаат активната транспарентност на институциите, бидејќи начините за дистрибуција на информациите што ги поседуваат институциите, а што се од корист за граѓаните, се побројни и полесно достапни.

Законската основа за активната транспарентност на институциите се наоѓа во Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер. Овој закон, освен што пропишува обврска до институциите да одговорат на барањата за пристап до информации од јавен карактер, содржи и одредби за проактивно објавување информации, односно за самостојно објавување информации.

Натаму, низа други закони пропишуваат обврски за институциите да објавуваат информации врз проактивна основа. Станува збор за одредби во Законот за локалната самоуправа, во Законот за буџетите, во Законот за јавен долг, во Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и др.

Освен од регулативата, активната транспарентност произлегува и од практиката. Во светот се смета за добра практика кога една институција ги прави достапни до сите граѓани одговорите на прашањата што почесто ги добива во форма на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Доброволно објавените информации им помагаат на граѓанските организации и на истражувачките новинари да изработуваат и да објавуваат истражувања што им помагаат на граѓаните подобро да го разберат функционирањето на институциите, нивните права и обврски, начинот на којшто можат да влијаат врз донесувањето на одлуките што се рефлектираат врз нивното секојдневно живеење и работење, како и полесно да им пристапат на услугите што им ги нуди државата.

Во принцип, една институција може проактивно да ги објави сите информации со коишто располага, освен оние за коишто во законот постојат исклучоци.

Активната транспарентност е релативно нов поим во светот. Оттука, не постојат ниту некои пропишани стандарди за тоа кои сè информации, освен оние пропишани со закон, институциите треба да ги објавуваат. Сепак, анализата на практиката од многу земји упатува на некои минимум информации коишто една институција треба да ги објавува како дел од активната транспарентност.

Кога објавуваат проактивно одредени информации, институциите треба да се раководат од тоа начинот на којшто ги објавуваат информациите да биде исплатлив и ефективен, односно да биде лесно достапен за најширок круг граѓани. Исто така, искрената активна транспарентност подразбира институцијата да ги информира граѓаните и заинтересираните страни за објавените информации и да го поттикнува пристапот до нив и нивното користење.

Проактивно објавените информации треба да бидат лесно достапни и разбирливи, да можат да се употребат, да бидат релевантни (во соработка со граѓанските организации и новинарите, може да се провери кои се релевантни информации) и да се ажурираат редовно.

Врз основа на сево ова, Центарот за граѓански комуникации изработи детална методологија за сеопфатно истражување кое го мери степенот на активна транспарентност на државните институции. Идејата на ова истражување и на рангирањето на институциите во т.н. Индекс на активна транспарентност е да им се помогне на институциите околу тоа кои информации треба да ги објавуваат и да се поттикнат да ги објавуваат тие информации.

# Детална анализа на активната транспарентност за 2024

- Просечната активна транспарентност на сите 98 вклучени институции за 2024 година изнесува 80 % (од максимално можни 100 %) и според градацијата на нивоата, спаѓа во ’**многу добра**‘ активна транспарентност.
- Активната транспарентност во 2024 година, која изнесува 80 %, е подобрена за 4 процентни поени во однос на лани, кога изнесуваше 76 %.
- Министерствата и натаму објавуваат повеќе информации отколку општините. Иако во 2016 година почнаа од иста основа, односно имаа ниво на активна транспарентност од 45 %, сè уште постои јаз меѓу транспарентноста на министерствата и на општините, иако тој се намалува од година во година. Имено, активната транспарентност на министерствата изнесува 86 %, додека на општините 79 %.

***Движење на активната транспарентност по години***




- Втора година по ред нема ниту една институција во најслабата група со ’многу слаба‘ активна транспарентност, односно со исполнетост на обврските за објавување од 0 % до 20 %.
- Исто така втора година по ред, повеќе од половина од институциите (57 %) се наоѓаат во најдобрата група со ’многу добра‘ активна транспарентност, односно со повеќе од 80-процентна исполнетост на обврските за објавување.

***Процентуална застапеност на институциите во одделните нивоа на активна транспарентност***




**АКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ОПШТИНИТЕ: Една третина од општините имаат над 90 % активна транспарентност**

- За првпат откако постои Индексот на активна транспарентност (2016 год.), пет општини ги освоија максималните 100 %, што значи ги објавуваат сите информации предвидени со активната транспарентност.
- Дури 46 општини (лани 36) се наоѓаат во најдобрата група на институции, онаа со ʼмногу добраʻ активна транспарентност, односно со исполнување на обврските за објавување јавни информации од 80 % до 100 %.
- И годинава нема ниту една општина во најниската група, онаа со ʼмногу слабаʻ активна транспарентност.
- Својата транспарентност годинава ја подобриле 52 општини (лани имаше подобрување кај 47 општини).
- Лидери, коишто својата активна транспарентност ја подобриле за повеќе од 30 процентни поени, се Зелениково (за 41 поен) и Карбинци и Арачиново (за 35 поени), додека најголемо влошување има кај Сопиште (12 %).
- Општини се наоѓаат и на последните 11 места од рангирањето на сите институции.

**АКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА МИНИСТЕРСТВАТА И ВЛАДАТА: Втора година по ред стагнира проактивното објавување информации**

- Втора година по ред активната транспарентност на министерствата и на Владата нема пораст и се задржува на исто ниво од 86 %.
- Од 16 министерства и Владата, кај 9 има пораст на исполнетоста на обврските од активната транспарентност (лани кај 6), кај 6 има намалување, додека 2 имаат исти резултати како лани.
- Четврта година по ред, Министерството за одбрана е најдобро рангирана владина институција, со 100 % исполнетост на обврските за објавување. Ова е и единствената владина институција со освоени максимални бодови.
- Покрај Министерството за одбрана, уште девет други министерства се со многу високо ниво на активна транспарентност. Владата годинава падна на 40 место и 87 %, од ланското прво место и 100 %.
- Најголем годишен пораст на активната транспарентност од 11 процентни поени има кај Министерство за надворешни работи. Најголемо намалување од 13 процентни поени има кај Владата.
- На последното место и годинава се наоѓа Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците, и покрај постојаното подобрување од година во година. Првпат годинава ова министерство излезе од полошата група со ’просечна‘ активна транспарентност и влезе во групата со ’добра‘ активна транспарентност.

### *Рангирање на министерствата според активната транспарентност*

| Ранг 2024 | Ранг 2023 | Институција | Резултат 2024 | Резултат 2023 |
|---|---|---|---|---|
| **1** | 1 | Министерство за одбрана | **100,0 %** | 100,0 % |
| **2** | 4 | Министерство за труд и социјална политика | **97,8 %** | 95,7 % |
| **3** | 10 | Министерство за внатрешни работи | **95,7 %** | 87,5 % |
| **3** | 4 | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | **95,7 %** | 95,7 % |
| **5** | 6 | Министерство за здравство | **93,5 %** | 91,3 % |
| **5** | 7 | Министерство за локална самоуправа | **93,5 %** | 90,9 % |
| **7** | 8 | Министерство за животна средина и просторно планирање | **91,7 %** | 89,1 % |
| **7** | 8 | Министерство за информатичко општество и администрација | **91,7 %** | 89,1 % |
| **9** | 3 | Министерство за финансии | **90,7 %** | 98,1 % |
| **10** | 1 | Влада на РСМ | **87,0 %** | 100,0 % |
| **11** | 11 | Министерство за економија | **82,6 %** | 87,0 % |
| **12** | 16 | Министерство за надворешни работи | **78,3 %** | 67,4 % |
| **13** | 12 | Министерство за образование и наука | **76,1 %** | 82,6 % |
| **14** | 13 | Министерство за транспорт и врски | **75,0 %** | 80,4 % |
| **15** | 15 | Министерство за култура | **73,9 %** | 71,1 % |
| **15** | 14 | Министерство за правда | **73,9 %** | 79,2 % |
| **17** | 17 | Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците | **60,9 %** | 52,2 % |

**Најмалку информации се објавуваат за финансиите и за надлежностите**

- И министерствата и општините објавуваат **најмногу** информации од областа на **пристапот до информации** од јавен карактер. Министерствата објавуваат **најмалку** информации за своите **надлежности**, додека општините за своите **финансии**.

- Во доменот на **пристапот до информации**, процентот на исполнетост на обврските за активно објавување на овие информации, коишто произлегуваат главно од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, кај општините изнесува 89 %, додека кај министерствата и Владата овој процент е значително повисок и изнесува 94 %.

- Кај активното објавување информации од областа **буџетска и фискална транспарентност**, општините исполнуваат само 67 %, а министерствата 84 % од обврските за активно објавување информации.

- Во однос на **информациите за прашањата од надлежност и за услугите**, општините имаат просечна исполнетост на обврските за објавување информации од 80 %, а министерствата од 78 %.

- Во однос на информациите во доменот на **одговорност, отчетност и интегритет**, министерствата објавуваат 90 % од предвидените информации, додека општините само 80 %.

***Активна транспарентност по области***



**РЕГИОНАЛНА СПОРЕДБА: Источниот Регион и годинава е најдобар, додека Скопскиот Регион за првпат по неколку години не е на последното место**

- Сите региони во земјава, без исклучок, остварија подобрување на активната транспарентност во 2024 година.

- Источниот Регион ја задржа лидерската позиција меѓу регионите, со 88 % активна транспарентност. И на второто место нема промени. Таму и годинава се наоѓа Југоисточниот Регион со просечна активна транспарентност од 85 %.

- Југозападниот Регион постојано се подобрува и од некогашното претпоследно место, годинава е на третата позиција со 82 %.

- Стандардно на крајот се Скопскиот, Полошкиот и Североисточниот Регион, со тоа што сега последен е Североисточниот, со 72 %, додека Скопскиот и Полошкиот се на едно место пред него, со по 73 %.

***Рангирање на регионите според активната транспарентност***




**Источен Регион 88 % (лани 83 %)**

- Источниот Регион остана на челната позиција, на која, со прекин од една година, се наоѓаше и претходните четири години. Просечното исполнување на обврските од 88 % е подобрување во однос на лани за 5 процентни поени.

- Берово е првата и единствена општина од овој регион што освои максимални 100 %, со што им „побегна“ на Кочани и Делчево, со кои лани го делеше првото место.

- Штип и Зрновци останаа на четвртото и петтото место, по кои следи Виница на шестото место.

- Карбинци има најголем скок во однос на лани и од последното место со 51 %, сега е на осмата позиција со дури 85,5 %.

- Чешиново-Облешево ги задржа ланските 80 %, но лани со нив беше на седмата позиција, а годинава падна на претпоследната 10-та.

- Пехчево, со само 70 %, е убедливо најслабо рангирана општина од Источниот Регион.

***Активна транспарентност на општините од Источниот Регион***

| Ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|
| 1 | Берово | 100,0 % |
| 2 | Делчево | 94,3 % |
| 2 | Кочани | 94,3 % |
| 4 | Штип | 91,7 % |
| 5 | Зрновци | 89,9 % |
| 6 | Македонска Каменица | 88,6 % |
| 6 | Виница | 88,6 % |
| 8 | Карбинци | 85,5 % |
| 9 | Пробиштип | 82,9 % |
| 10 | Чешиново-Облешево | 79,7 % |
| 11 | Пехчево | 70,0 % |

**Југоисточен Регион 85 % (лани 82 %)**

- Југоисточниот Регион се задржа на второто место со 85 %. За разлика од ланското намалување (беше единствен регион со намалена транспарентност), годинава и овој регион забележа пораст од 3 поени, што беа доволни да остане на втората позиција.

- Валандово ја врати лидерската позиција, којашто освен лани, ја држеше со години наназад. Истовремено, тоа е првата општина од регионот којашто освои максимални 100 %.

- Лани најдобро рангираната општина не само во овој регион, туку и во земјава воопшто, Гевгелија, падна на второто место во регионот, со активна транспарентност од 91 % (лани 99 %).

- На второ место, со 91 %, е и Богданци, кое скокна од ланското претпоследно место и 71 % активна транспарентност. И Радовиш на четвртото место, со 90 %, има голем скок од ланските 79 %.

- Дојран останува на последната позиција во регионот, со минимално годишно зголемување на процентот на исполнетост на обврските од активната транспарентноста од само 1 процентен поен, што е недоволно да ги надомести лани загубените 14 поени.

***Активна транспарентност на општините од Југоисточниот Регион***

| Ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|
| 1 | Валандово | 100,0 % |
| 2 | Богданци | 91,4 % |
| 2 | Гевгелија | 91,4 % |
| 4 | Радовиш | 90,0 % |
| 5 | Струмица | 88,9 % |
| 6 | Василево | 87,0 % |
| **7** | Конче | 85,5 % |
| 8 | Ново Село | 84,1 % |
| 9 | Босилово | 81,2 % |
| 10 | Дојран | 51,4 % |

**Југозападен Регион 82 % (лани 78 %)**

- Југозападниот Регион остана на третата позиција меѓу регионите според активната транспарентност на којашто постепено се искачуваше со постојано подобрување.
- Кичево го задржа лани заседениот примат и е една од петте општини во земјава, и единствена од овој регион, со максимални 100 % активна транспарентност. Само за две години, Кичево се подобри за 40 процентни поени.
- Дебрца се искачи од третото на второто место, додека некогашниот лидер Центар Жупа годинава е на третата позиција.
- Некогаш неприкосновениот на првата позиција во регионот според активната транспарентност, Охрид, и годинава е четвртото место, со дури мало намалување од 86 % на 84 %.
- На двете најниски позиции остануваат Струга и Пласница. Пласница не е веќе последна бидејќи има подобрување од 7 поени, додека Струга за првпат е последна во регионот, со намалување од 10 поени во однос на лани.

***Активна транспарентност на општините од Југозападниот Регион***

| Ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|
| 1 | Кичево | 100,0 % |
| 2 | Дебрца | 94,2 % |
| 3 | Центар Жупа | 92,8 % |
| 4 | Охрид | 84,3 % |
| 5 | Дебар | 81,9 % |
| 6 | Македонски Брод | 77,1 % |
| 7 | Вевчани | 75,4 % |
| 8 | Пласница | 72,5 % |
| 9 | Струга | 55,7 % |

**Пелагониски Регион 80 % (лани 75 %)**

- Пелагонискиот Регион и годинава е на четвртата позиција, со просечно исполнување на обврските од 80 %, иако некогаш беше лидер меѓу регионите.
- Битола не само што ја задржа првата позиција од лани, туку успеа да биде меѓу неколкуте општини со 100 % активна транспарентност.
- Стандардно, на втората позиција со високи 96 %, исто како лани, се наоѓа Демир Хисар.
- Прилеп се подобри во однос на лани за 4 поени, но повторно се наоѓа на третото место.
- Ресен и Долнени ги заменија последното и претпоследното место. Со подобрување за 17 процентни поени, Долнени не е веќе на последната позиција на која годинава падна Ресен.

***Активна транспарентност на општините од Пелагонискиот Регион***

| Ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|
| 1 | Битола | 100,0 % |
| 2 | Демир Хисар | 95,7 % |
| 3 | Прилеп | 90,3 % |
| 4 | Новаци | 85,5 % |
| 5 | Крушево | 82,9 % |
| 6 | Кривогаштани | 73,9 % |
| 7 | Могила | 71,0 % |
| 8 | Долнени | 62,3 % |
| 9 | Ресен | 61,4 % |

**Вардарски Регион 79 % (лани 75 %)**

- И Вардарскиот Регион ја задржа ланската петта позиција.
- За првпат во последните девет години, на лидерската позиција не се наоѓа Велес, општината која беше и лидер во земјава. Сега, со максимални 100 % на врвот се искачи Кавадарци, додека Велес е на втората позиција, со 99 %, исто колку и лани.
- И Градско има исто бодови колку и лани и се наоѓа на третата позиција.
- Демир Капија има поголем скок меѓу општините од овој регион и со дополнителните 25 поени, се искачи на петтата позиција.
- Росоман и Лозово останаа на двете последни места, со тоа што Лозово е и најслабо рангирана од сите општини во земјава.

***Активна транспарентност на***
***општините од Вардарскиот Регион***

| Ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|
| 1 | Кавадарци | 100,0 % |
| 2 | Велес | 98,6 % |
| 3 | Градско | 97,1 % |
| 4 | Неготино | 87,1 % |
| 5 | Демир Капија | 85,7 % |
| 6 | Свети Николе | 82,9 % |
| 7 | Чашка | 76,8 % |
| 8 | Росоман | 53,6 % |
| 9 | Лозово | 29,0 % |

**Полошки Регион 73 % (лани 70 %)**

- Како и Скопскиот и Североисточниот Регион, и Полошкиот Регион останува некаде на дното на ранг-листата и покрај подобрувањето во однос на лани.
- Брвеница останува неприкосновена на првата позиција во регионот, со 91 % активна транспарентност.
- Теарце се врати на некогашната втора позиција, иако има „само“ 83 % активна транспарентност, а со скок од 6 поени, Општина Маврово и Ростуше е исто така на втората позиција.
- Иако со освоени исто бодови како и лани, Тетово падна една позиција подолу и со него се заокружува групата општини со ’многу добра‘ активна транспарентност. Сите други општини по Тетово имаат послаба транспарентност од 80 %.
- Гостивар загуби 4 поени во однос на лани и падна на шестата позиција.
- Нема промена на последните три места, на кои се наоѓаат Боговиње, Желино и Врапчиште, од кои последнава општина, и покрај значителното подобрување во процентуалната исполнетост на обврските за проактивно објавување информации, постојано е на последното место во регионот.

***Активна транспарентност на***
***општините од Полошкиот Регион***

| Ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|
| 1 | Брвеница | 91,3 % |
| 2 | Маврово и Ростуше | 82,6 % |
| 2 | Теарце | 82,6 % |
| 4 | Тетово | 80,6 % |
| 5 | Јегуновце | 74,3 % |
| 6 | Гостивар | 68,6 % |
| 7 | Боговиње | 65,2 % |

| | | |
|---|---|---|
| 8 | Желино | 64,8 % |
| 9 | Врапчиште | 43,5 % |

**Скопски Регион 73 % (лани 66 %)**

- По пет години на последното место, најголемиот регион во земјава, Скопскиот, годинава е на претпоследното место меѓу регионите според активната транспарентност на општините во него.

- Кисела Вода му го предаде приматот на Карпош, којашто со години беше неприкосновено прва општина во регионот. Иако и двете општини имаат подобрување во однос на лани, Кисела Вода има 99 %, а Карпош 97 %, со што се на првите две места во регионот според активната транспарентност.

- Стандардно, на третата позиција во регионот е Илинден, кој годинава го дели ова место со скопски Центар и Бутел.

- Меѓу скопските општини со активна транспарентност над 90 % е уште само и Гази Баба. Сите други општини имаат помалку од 80 %.

- Град Скопје падна на 12. позиција, со 64 %, 6 помалку од лани кога беше осми.

- Арачиново има исто бодови колку и Град Скопје и се искачи за шест позиции од последното место кое го држеше со години. Само за една година има скок од 34 поени.

- И Зелениково скокна дури 10 места од вечното претпоследно место, подобрувајќи ја својата активна транспарентност за дури 41 бод само за една година.

- Секогаш при крајот, Сопиште годинава падна на последното место меѓу општините од Скопскиот Регион, намалувајќи ги лански скромните 45 % само на 33 % годинава. Сопиште е и на севкупното претпоследно место од сите 98 институции вклучени во рангирањето.

***Активна транспарентност на општините од Скопскиот Регион***

| Ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|
| 1 | Кисела Вода | 98,6 % |
| 2 | Карпош | 97,2 % |
| 3 | Бутел | 94,2 % |
| 3 | Илинден | 94,2 % |
| 3 | Центар | 94,2 % |
| 6 | Гази Баба | 91,3 % |
| 7 | Зелениково | 76,8 % |
| 8 | Аеродром | 75,4 % |
| 9 | Ѓорче Петров | 71,0 % |
| 10 | Чаир | 69,6 % |

| | | |
|---|---|---|
| 11 | Петровец | 68,1 % |
| 12 | Арачиново | 63,8 % |
| 12 | Град Скопје | 63,8 % |
| 14 | Сарај | 62,3 % |
| 15 | Чучер Сандево | 56,5 % |
| 16 | Шуто Оризари | 50,7 % |
| 17 | Студеничани | 45,1 % |
| 18 | Сопиште | 33,3 % |

**Североисточен Регион 72 % (лани 71 %)**

- По неколкугодишното рангирање при последните места, Североисточниот Регион годинава е на последното место меѓу регионите со 72 % активна транспарентност. Тоа се должи на најмалото подобрување во однос на лани, од само 1 процентен поен.

- Нема ниедна промена во рангирањето на општините од овој регион во однос на лани.

- Куманово останува на водечката позиција со подобрување во однос на лани. И некогашниот лидер во регионот и во земјата, Крива Паланка, остана на второто место, со подобрување од 15 поени.

- Иако со намалена активна транспарентност од 6 поени, Липково се задржа на третата позиција.

- Како и лани, и годинава последни во регионот остануваат Старо Нагоричане и Ранковце кои, исто така, се и меѓу последните во земјава воопшто.

***Активна транспарентност на општините од Североисточниот Регион***

| Ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|
| 1 | Куманово | 97,1 % |
| 2 | Крива Паланка | 95,7 % |
| 3 | Липково | 75,4 % |
| 4 | Кратово | 71,4 % |
| 5 | Ранковце | 53,6 % |
| 6 | Старо Нагоричане | 42,0 % |

**ОДГОВОРИ НА БАРАЊАТА ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР: Институциите просечно одговорија за 15 (лани за 17) дена и 71 % ги доставија барањата во законскиот рок (лани 65 %)**

- Институциите одговорија на барањата за слободен пристап што им беа доставени во ист ден и со иста содржина просечно за 15 дена, односно 5 дена пред истекот на максималниот законски рок. Лани, просечниот број денови за одговор беа 17, што значи се јавува извесно подобрување на состојбата.

- 71 % од институциите одговорија на барањето во максималниот законски рок од 20 дена, останатите 29 % го доставија одговорот по истекот на овој рок или воопшто не одговорија на барањето (три институции). Лани, пак, 65 % од институциите одговорија во законскиот рок, што значи дека оваа година се бележи извесно подобрување.

***Одговори на барањата за слободен пристап во законскиот рок (сите институции)***




- Иако секогаш во овие истражувања општините беа подобри од министерствата, како според просечниот број денови за кои одговориле на барањата, така и според процентот на барања што ги одговориле во рамките на максималниот законски рок за одговор, за првпат годинава, општините одговорија на барањата просечно за 15 дена, додека министерствата за 14 дена. Но, во однос на процентот на барањата одговорени во законскиот рок, кај општините тој изнесува 75 % (лани 64 %), а кај министерствата 59 % (лани 71 %).

- Најбрз одговор, само за еден ден, пристигна од 14 институции – сите општини. Не одговорија три институции – сите министерства – МИОА, за политички систем и односи меѓу заедниците и за финансии.

***Просечен број денови во коишто одговориле на барањата за пристап***




**Победници и губитници**

- Повеќе од две третини (71 %) од вкупно опфатените 98 институции ја подобриле својата активна транспарентност во 2024 година во однос на 2023 година.
- Од друга страна, 19 % од институциите објавиле помалку информации од лани, додека кај 10 % од институциите нема ни подобрување ни влошување на активната транспарентност.
- Најголемо поединечно подобрување од 41 процентен поен има кај Зелениково, како и кај Карбинци и Арачиново, по 35 процентни поени. Најголемо намалување на активната транспарентност имало кај Сопиште (за 12 процентни поени), Студеничани (11 процентни поени) и Струга (10 процентни поени).
- Кај министерствата, најголемо подобрување има кај Министерството за надворешни работи (11 процентни поени), а најголемо влошување имало кај Владата (13 процентни поени).

***Годишна промена во активната транспарентност (2024/2023 година)***

| **Институција** | **Промена во процентни поени** | | **Институција** | **Промена во процентни поени** |
|---|---|---|---|---|
| Зелениково | 40,6 | | Штип | 1,7 |
| Арачиново | 34,8 | | Карпош | 1,5 |
| Карбинци | 34,8 | | Дојран | 1,4 |
| Пласница | 26,1 | | Илинден | 1,4 |
| Демир Капија | 24,3 | | Крушево | 1,4 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Богданци | 20,0 | | Ново Село | 1,4 |
| Сарај | 18,8 | | Петровец | 1,4 |
| Долнени | 17,4 | | Ранковце | 1,4 |
| Новаци | 17,4 | | Росоман | 1,4 |
| Виница | 14,3 | | Куманово | 1,3 |
| Крива Паланка | 14,3 | | Пробиштип | 0,9 |
| Бутел | 13,0 | | Тетово | 0,6 |
| Македонска Каменица | 12,9 | | Василево | 0,0 |
| Радовиш | 11,4 | | Велес | 0,0 |
| МНР | 10,9 | | Градско | 0,0 |
| Кисела Вода | 10,2 | | Ѓорче Петров | 0,0 |
| Македонски Брод | 10,0 | | Зрновци | 0,0 |
| Босилово | 8,7 | | МЗШВ | 0,0 |
| Кривогаштани | 8,7 | | Министерство за одбрана | 0,0 |
| МПСОЗ | 8,7 | | Неготино | 0,0 |
| МВР | 8,2 | | Центар | 0,0 |
| Јегуновце | 7,6 | | Центар Жупа | 0,0 |
| Чучер Сандево | 7,2 | | Чаир | 0,0 |
| Кратово | 7,1 | | Чешиново-Облешево | 0,0 |
| Желино | 6,8 | | Брвеница | -1,4 |
| Аеродром | 6,3 | | Лозово | -1,4 |
| Боговиње | 5,8 | | Охрид | -1,4 |
| Маврово и Ростуше | 5,8 | | Струмица | -2,5 |
| Чашка | 5,8 | | Вевчани | -2,9 |
| Прилеп | 4,6 | | Гостивар | -2,9 |
| Битола | 4,3 | | Делчево | -2,9 |
| Валандово | 4,3 | | Конче | -2,9 |
| Гази Баба | 4,3 | | Кочани | -2,9 |
| Дебрца | 4,3 | | МЕ | -4,3 |
| Кавадарци | 4,3 | | Пехчево | -4,3 |
| Свети Николе | 4,3 | | Ресен | -4,3 |
| Берово | 2,9 | | Министерство за правда | -5,3 |
| Врапчиште | 2,9 | | МТВ | -5,4 |
| Демир Хисар | 2,9 | | Град Скопје | -5,8 |
| Кичево | 2,9 | | Липково | -5,8 |
| Теарце | 2,9 | | МОН | -6,5 |
| Шуто Оризари | 2,9 | | Гевгелија | -7,1 |
| МЖСПП | 2,6 | | Могила | -7,2 |
| МИОА | 2,5 | | МФ | -7,3 |
| МЛС | 2,5 | | Старо Нагоричане | -8,7 |
| Министерство за здравство | 2,2 | | Струга | -10,0 |
| Министерство за култура | 2,2 | | Студеничани | -11,3 |
| МТСП | 2,2 | | Сопиште | -11,6 |
| Дебар | 1,9 | | Влада на РСМ | -13,0 |

# Методологија

Истражувањето се спроведува врз основа на претходно изработени методологија и структурирани прашалници за состојбата на исполнетост на обврските за активно објавување на информациите на интернет-страниците на институциите.

Основа за изработката на прашалниците претставуваа законските обврски што ги имаат институциите за објавување информации од разни сфери што се од важност за граѓаните и што влијаат врз нивните животи и работењето. Во оваа смисла, земени се предвид, пред сè, обврските што произлегуваат од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер и оние обврски од други закони што се однесуваат на трошењето јавни пари.

Истражувањето се прави осма година по ред, на институциите што се директни носители на извршната власт на централно и на локално ниво, односно на Владата и на министерствата, и на локалните власти, односно на општините и на Град Скопје.

Имајќи ги предвид различните обврски за активно објавување информации на властите на национално и на локално ниво (општините имаат далеку поголеми обврски во оваа смисла), истражувањето се спроведува врз основа на два прашалници. Едниот прашалник е за министерствата и за Владата, а другиот е за единиците на локалната самоуправа, односно за општините и за Град Скопје. Притоа, прашалникот за Министерството за финансии содржи повеќе прашања, во согласност со повеќето обврски за објавување информации за ова министерство во однос на другите.

Во зависност од важноста, степенот и обемот на објавените информации на интернет-страниците на институциите што се истражуваат, за секое прашање се доделуваат бодови. Освен преку истражување на исполнетоста на обврските за објавување информации според прашалникот, како дел од истражувањето е и тест-барање за слободен пристап до информации од јавен карактер кое се испраќа до сите вклучени институции во истражувањето, заради оценување на навременоста и целосноста на добиените одговори. Максималните бодови што може да ги добие секое министерство и Владата се 48, Министерството за финансии може да добие максимум 54 бодови, а општините и Град Скопје 74.

Иницијалното истражување се спроведе од 1 јуни до 15 јули 2024 година. Финалното рангирање на институциите е извршено според степенот (процентот) на исполнување на обврските, т.е. според индексот на транспарентност, којшто се добива како однос меѓу бројот на доделени бодови и вкупниот број можни бодови. Притоа, 0 е најнискиот, а 100 највисокиот ранг.

Активната транспарентност на институциите е поделена во пет групи, во зависност од степенот на исполнетост на обврските. Институциите со 80 – 100 % исполнетост се рангирани во групата ’многу добра‘, оние со 60 – 80 % во групата ’добра‘, институциите со 40 – 60 % исполнетост се рангирани во групата ’просечна‘, со 20 – 40 % исполнетост – во групата ’слаба‘ и со 0 – 20 % – во групата ’многу слаба‘ активна транспарентност.

# Прилози: Прашалници за истражување

## 1. Прашалник за истражување на активната транспарентност на министерствата и на Владата за изработка на Индексот на активна транспарентност

### Прва група прашања: Пристап до информации

1. Дали има на интернет-страницата посебен оддел за пристап до информации?

2. Дали се објавени основни податоци за контакт со службеното лице за посредување со информации (име и презиме, телефон и е-адреса)?

3. Дали е објавен начинот за поднесување барање за пристап до информации?

4. Дали е објавена листа на информации со кои располага институцијата?

5. Дали се објавени основни податоци за контакт со имателот на информацијата (адреса, телефон и е-адреса)?

### Втора група прашања: Одговорност, отчетност и интегритет

6. Дали се објавени податоци за министерот (биографија, контакт и сл.)?

7. Дали е објавен список на вработени лица/раководители со контакти?

8. Дали е објавена организациската структура (шема, органограм) на институцијата?

9. Дали се објавени податоците за контакт со лицето овластено за заштитено внатрешно пријавување (име и презиме, телефон, е-адреса)?

10. Дали се објавени соопштенија до јавноста и/или информативни билтени или друг облик на информирање?

### Трета група прашања: Информации за надлежноста и за услугите

11. Дали се објавени информации за надлежностите на институцијата?

12. Дали се објавени законите кои се однесуваат на надлежноста на институцијата?

13. Дали се објавени прописите што ги донесува институцијата во вид на подзаконски акти?

14. Дали е објавен стратешкиот план и/или стратегијата за работа?

15. Дали е објавен годишен план и/или програма за работа за тековната година?

**Четврта група прашања: Буџетска и финансиска транспарентност**

16. Дали е објавен буџетот на институцијата за тековната година?

17. Дали е објавена завршна сметка на буџетот за претходната година?

18. Дали се објавуваат ревизорските извештаи?

19. Дали е објавен годишниот план за јавни набавки за тековната година?

20. Дали се објавуваат огласи за јавни набавки за тековната година?

21. Дали се објавуваат известувања за склучен договор од јавни набавки?

**Дополнителни прашања за Министерството за финансии**
**(од четврта група прашања: Буџетска и финансиска транспарентност)**

22. Дали се објавуваат месечни извештаи за извршување на буџетот за тековната година?

23. Дали се објавува извештај за извршување на буџетот за првите шест месеци од годината во претходната година?

24. Дали се објавуваат податоци за јавниот долг на РСМ во претходната или тековната година?

Рок во којшто институцијата одговорила на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**2. Прашалник за истражување на активната транспарентност на <u>општините и на Град Скопје</u> за изработка на Индексот на активна транспарентност**

**Прва група прашања: Пристап до информации**

1. Дали има на интернет-страницата <u>посебен оддел</u> за пристап до информации?

2. Дали се објавени основни податоци за <u>контакт со службеното лице</u> за посредување со информации (име и презиме, телефон и е-адреса)?

3. Дали е објавен <u>начинот на поднесување на барање</u> за пристап до информации?

4. Дали е објавена <u>листа на информации</u> со кои располага институцијата?

5. Дали се објавени основни податоци за <u>контакт со имателот</u> на информацијата (адреса, телефон и е-адреса)?

**Втора група прашања: Одговорност, отчетност и интегритет**

6. Дали се објавени <u>податоци за градоначалникот</u> (биографија, контакт и сл.)?

7. Дали е објавен <u>список на вработени лица/раководители</u> со контакти?

8. Дали е објавена <u>организациската структура</u> (шема, <u>органограм)</u> на институцијата?

9. Дали се објавени податоците за <u>контакт со лицето овластено за заштитено внатрешно пријавување</u> (име и презиме, телефон, е-адреса)?

10. Дали се објавени <u>соопштенија до јавноста</u> и/или <u>информативни билтени</u> или <u>друг облик</u> на информирање?

11. Дали се објавува <u>статутот на општината</u>?

12. Дали се објавуваат <u>службените гласила</u> на општината?

13. Дали се објавуваат <u>дневните редови за седниците на Советот</u> на општината?

**Трета група прашања: Буџетска и финансиска транспарентност**

14. Дали е објавен <u>буџетот</u> на институцијата за тековната година?

15. Дали е објавена <u>завршна сметка</u> на буџетот за претходната година?

16. Дали се објавува <u>граѓански буџет</u>?

17. Дали се објавуваат <u>квартални извештаи</u> за извршување на буџетот за претходната година?

18. Дали се објавуваат <u>ревизорските извештаи</u>?

19. Дали е објавен годишниот <u>план за јавни набавки</u> за тековната година?

20. Дали се објавуваат огласи за јавни набавки за тековната година?

21. Дали се објавуваат известувања за склучен договор од јавни набавки?

**Четврта група прашања: Информации за надлежноста и за услугите**

22. Дали се објавени информации за надлежностите на институцијата?

23. Дали се објавени законите кои се однесуваат на надлежноста на институцијата?

24. Дали се објавени прописите што ги донесува имателот на информации во вид на подзаконски акти?

25. Дали се објавени услугите што ги дава институцијата?

26. Дали се објавуваат ДУП/ГУП (информации за урбанистичкото планирање)?

27. Дали се објавуваат информации за урбанистичкото планирање (одобренија за градба)?

28. Дали се објавуваат информации за заштита на животна средина?

29. Дали се објавуваат информации за локален економски развој?

30. Дали се објавуваат информации за комуналните дејности?

31. Дали се објавуваат информации за културата?

32. Дали се објавуваат информации за спортот и рекреацијата?

33. Дали се објавуваат информации за социјална заштита и заштита на децата?

34. Дали се објавуваат информации за образованието?

35. Дали се објавуваат информации за здравствената заштита?

36. Дали се објавуваат информации за мерките за заштита и спасување на граѓаните?

37. Дали се објавуваат информации за противпожарната заштита?

38. Дали се објавуваат информации за надзорот над вршењето на работите од надлежност на институцијата?

30. Дали е објавена информација за стапката на данокот на имот што ја пропишува општината?

40. Дали е објавена информација за надоместокот за уредување на градежно земјиште?

Рок во којшто институцијата одговорила на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер.